**Податоци, кои се интересни за медиумите (граници на интерес на медиумите)**

**Тип:** Теренска, стандардизирана анкета од затворен тип (со алтернативни одговори, мени со набројување и одговори на интензитет – скалирани одговори, со основни и контролни, или функционални прашања), со контролна телефонска анкета, со случаен избор на телефони – на кои се јавувавме.

Теренската анкета користеше **„примерок на случајно движење“** (random walk sample) кој се постигнува со насоката на движење на испитаниците, со статичен анкетар. Анкетарот користи алгоритам за избор на испитаниците.

Непондерирано истражување!

**Начин на анкетирање:** со обучени анкетари и инструктори (контролори), исклучиво индивидуално. Испитаниците беа замолени за соработка низ **Прагматичка мотивација,** а потајно и ако имало потреба, со **Катартичката мотивација** (моменталната ситуација кај нас не наведува на оваа потреба, заради тоа што постои страв да се говори слободно за сопствените убедувања).
Анкетните прашалници се пополнуваа на 2 јазици (македонски и Албански)
**Време на спроведување**: 9 дена (6 дена анкетирање и 3 дена корективно анкетирање)
**Места во кои е анкетата спроведена**: Скопје (8 локации), Битола, Прилеп, Гостивар, Тетово, Охрид, Штип, Велес. Селата беа групирани по општини: Прилепско, Охридско, Битолско, Скопско, Ново Село, Гевгелиско, Маврово и Ростуше.
**Бројност на анкетни тимови и анкетари**: 6 анкетни тима со 18 анкетари и 6 теренски инструктори – само за теренската анкета. Делумно ангажирана агенција за помош во реализацијата на теренската анкета во одредени места.
За секој испитаник се внесени и запазувања за персоналитетот (надворешноста) и споредени со исказите. За време на анкетата се трудевме да има што помалку социолошки шумови.

**Популационен примерок:** 0,5 промили од целокупното население во РМ , односно 1.011 испитаници
**Репрезентативност на примерокот** е постигнат со анкетирање во 8 градови и 21 село, групирани во 7 региони, како и со внимавање на етничката репрезентативност.
**Претпоставен степен на доверба:** (95 %)
**Посакувана прецизност на мерење**: ±3 – 5

Одговорите се поставуваа во **посакувани корелации** спрема испитаниците, заради кои се бележеа некои ставки на персоналитетот. Како важни корелации ги поставивме:
Образование – познавања
Образование – партиска припадност
Етнос – мислења за низа ставови
Образование – ставови
Урбано – рурална распределба на одговори
Состојба со вработеност
Висина на примања

**Правила за анкета**

**Анкетата беше спроведена по репрезентативниот примерок**, кој ја изразува дистрибуцијата на особености на целокупната популација во одбраниот примерок, кој ќе биде **случаен примерок**, или поинаку: Секој може да има исти шанси да биде избран за анкета[a].

[a] Законот за веројатност гарантира дека примерокот ќе биде верен на популацијата и ќе ги презентира нивните мислења. За тоа да се постигне мора да се постигне таа репрезентативност на примерокот: Пол, старост, образование, рурално – урбана дистрибуција на популацијата.

За примерокот е битна апсолутната величина на примерокот во однос на популацијата и тој е верен одраз на целата популација (ако се почитува доследно методологијата). Тој **едноставен случаен примерок** е промилен однос на популациониот примерок (n) спрема вкупниот бројот на популацијата (N).

**Појдовни бројни вредности за одредување репрезентативност на примерокот:** Број на жители во Македонија (компликувано е со оглед на дамнешниот попис)**,** број на жители во местото на испитување, со сите одредници како за националниот пресек, етничкате дистрибуција на двата главни етноси, полова дистрибуција и урбано – рурална дистрибуција.

**Правила за теориската втемеленост на прашалникот**

1. Теориска втемеленост на спознанијата од предметот на истражувањето
2. Теориска втемеленост на спознанијата на психологијата на ставови и мислења (прашањата се поставуваат на ниво на хабитуални мислења, односно на однесување, кое е показател на ставовите. Со тоа треба да се знае како испитаниците ја доживуваат проблематиката на прашањата)
3. Теориска втемеленост на сознанијата на анкетни истражувања

Анкетата мора да биде **правилна** (да мериме она што сме сакале да измериме) и **сигурна** (да ги одразува ставовите на граѓаните и после обработката на податоците и критичката анлиза на податоците).

Прашањата мора да се поврзат со истражувачките хипотези, но и резултатите од анкетирањето. Податоците мора критички да се обработат, инаку остануваат „голи“ податоци. Анкетирањето е само еден дел од целиот процес.

Финалниот продукт на целокупното истражување зависат и од вештината на прикажување на истите во јавноста од страна на АГТИС, а улогата на партнерите во спроведувањето на анкетата ќе биде и контролна во смисол на точност на теренските постапки, применетите методологии, како и во презентирањето.

**Фази на изработка на прашалникот**

Прашањето се однесува на индикатор, индикаторот на варијабла, варијаблата на хипотезата, а хипотезата на предметот на истражувањето.

**I. Прецизно формулирање на предметот (проблемот) на истражувањето**

*Предмет на истражувањето е степенот на јавна доверба на граѓаните во институциите на системот, во смисол на општествена практика (дискурс), која подразбира*

*1. знаење за институциите за нивната уставна и законска положба*
*2. степен на подудирање на таквата положба со реалната положба на институциите,*
*3. степен на знаење за надлежностите на институциите,*
*4.степен на нивно исполнување и квалитет на исполнување*
*5. улогата на политичките партии во водењето на институциите или практикување на власт преку институциите*
*6. улогата на институциите во политичката и предизборна кампања и последици од таквата нивна улога*
*и агрегатите на таквиот степен на доверба.*

**II. Одредување на целите на истражувањето**

1. **Манифестни**
   *Целите на истражувањето се групирани околу проценката на граѓанските ставови за состојбата на институциите, кои се одраз на голем број варијабли, но најважни се оние кои произлегуваат од контактот на граѓаните со институциите – како нивни клиенти и од постојаната владина и институционална кампања за јустификација на „проектите„, реформите на институциите и медиски пласираните оценки за состојбата на институциите. Проценката е потребна заради пласирање пореална и непропагандна слика за истите прашања, со што би се подигнала јавната свест кај населението за ова прашање. Овие анкетни резултати, се разбира ако покажат дека нашите хипотези се точно предвидени (довербата во институциите на системот е навистина ниска), и ако се*

*адекватно и доволно медиски експонирани ќе бидат дел од долготрајните напори за враќање на Македонија на реформскиот курс и потврда на загриженоста на меѓународната заедница и домашната демократска јавност изразена токму преку индикатори на институционален неуспех.*

2. **Техничко - експликативни**[b]

   Анкета ќе го обработува и стравот од изразување сопствено милење, автоцензура на вработените во институциите. Тоа ќе се постигне со бележење на **степенот на одговарање на испитаниците (**Response rate), а понекогаш дистрибуцијата на страв помеѓу различни групи во форма на **степен на одговарање по групи испитаници (**Response rate by group type).

   Исто така, многу е корисно опишувањето на општиот контекст за спроведување на ваква анкета преку **„Тешкотија на пристап“** (Difficulty of access). Тие тешкотии **с**е бележат од 1 до 5, каде 1 значи дека воопшто не е тежок пристапот, а 5 значи дека е екстремно тежок. Што се однесува до институциите и јавните личности, овој коефициент за Македонија е просечно 2.80 до 2.90. За министерствата тој коефициент е 3,34, за регулаторните тела 3,90.

**III. Формулирање на хипотези**

**<u>Логика на индуктивно заклучување</u>**

- иницијален исказ дека една класа феномени (појави) ќе биде на одреден начин поврзана со друга класа феномени[c]. Така, мораме да пласираме:

❖ **Теориски искази**:

- *Високиот степен на партизација и/или политизација на институциите води до недоверба во институциите. „Партизацијата“ на институциите вредносно не мора нужно да биде лошо, ако е запазен принципот на стручност и компетентност, што кај нас не е случај. Политизацијата на институциите може да биде индикатор за партизацијата, но ако внимателно се дефинира.*
- *Честото менување на законите води до недоверба во институциите. Како варијабли би се јавиле не само надворешната слика на таквите законски промени, туку и внатрешна проценка на ефектите на таквото менување.*
- *Поскапувањето на пристапот до правдата води до намалување на бројот на парнични постапки, што од своја страна индицира на намалена доверба во институциите. Варијабли за ваквиот вид докажување можат да биде и довербата на граѓаните во извештаите на Евраопската комисија, на Стејт Департментот, НВО – ите... во врска со судството.*
- *Намалувањето на квалитетот на универзитетското образование води до намалена доверба во стручниот капацитет на институциите, а со тоа и до намалена доверба во институциите. Тука директно можат да се дефинираат варијабли за довербата на граѓаните во квалитетот на високо образовниот систем, како и убедувањата на граѓаните во останатите елементи за независност, стручност, компетентност на универзитетите.*
- *Непознавањето на надлежностите на институциите води до неразбирање на концептот на реформи на истите институции, а со тоа и до .... недоверба во институциите.*
- *Партизацијата на институциите води до намалување на нивниот капацитет за пружање квалитетни, адекватни, брзи и евтини услуги кон граѓаните, што од своја страна води до намалена доверба во институциите*
- *Институционалната пропаганда има значајно делувано на степенот на доверба на граѓаните во институциите на системот*

---

[b] Понекогаш е многу битно за една анкета, која на пр. го обработува стравот од изразување сопствено милење, автоцензура на вработените во институциите... да го покаже **степенот на одговарање на испитаниците (**Response rate), а понекогаш дистрибуцијата на страв помеѓу различни групи во форма на **степен на одговарање по групи испитаници (**Response rate by group type).

Исто така, многу е корисно опишувањето на општиот контекст за спроведување на ваква анкета преку **„Тешкотија на пристап“** (Difficulty of access). Тие тешкотии **с**е бележат од 1 до 5, каде 1 значи дека воопшто не е тежок пристапот, а 5 значи дека е екстремно тежок. Што се однесува до институциите и јавните личности, овој коефициент за Македонија е просечно 2.80 до 2.90. За министерствата тој коефициент е 3,34, за регулаторните тела 3,90.

[c] На пример: Високиот степен на партизирање на институциите предизвикува полош квалитет на услуги кон граѓаните.

Дали тука треба да тврдиме (како една од претпоставките) дека граѓаните ја знаат состојба им се институциите, ги знаат агрегатите на состојбите на институциите (варијаблите, кои довеле до таквата доверба или недоверба) или точно тие индицираат на степенот на недоверба во институциите?

Така, преку: **Логичка дедукција (**заклучување од општо, кон поединечно**)** елементите на јавната доверба во институциите би биле внесени во истражувањето, со што степенот на доверба во институциите би варирал спрема овие елементи. Тогаш добиваме:

- Квалитетот на институциите долго се гради, а лесно се намалува со изместување на уставната и законска положба на институциите, степенот на почитување на правото, партизацијата, нарушениот мерит систем на напредување, честото менување на законите, ниските плати на службениците и сл.
- „Фронтот на средба" на граѓанинот со институциите е единствениот вистински делотворен и видлив дел на институциите, кој кај граѓаните генерира степен на доверба, односно дел од степенот на доверба во институциите зависи од институционалната практика
- За довеnetа во институциите институционалната пропаганда игра важна улога, посебно ако граѓаните не ги познаваат надлежностите на институциите
- Владината пропаганда, заедно со клиентелизмот на медиумите и воспоставениот систем на силна субординација на владините и институционални портпароли со Центрите за комуникации на партиите произведуваат повисока доверба кон институциите.

Потоа се воспоставуваат **операционални дефиниции на концептот,** кои ни укажуваат *како можеме да ги мериме концептите од теорискиот исказ*.

Како потреба на проектот за производство на „внатрешна слика на институциите"за потреби на анкетата за добивање емпириски искази (тврдења), ние тргнавме од наодите од 57 структуирани интервјуа со институционални експерти (вработени во судство, управно судство, јавна администрација, инспекциски служби, стопанска комора и комора на работодавачи, локални самоуправи, владини агенции, деловен сектор, владини агенции...), кои беа реализирани и сеуште се реализираат од средината на февруари до сега и ќе се реализираат до 30 – ти овој месец. Тука откривме дека елементите на проценка на институциите (квалитетот на услугите, постапките, екипираност, ефикасност, ефективност, цена на чинење на услугите, предвидливост на постапките, менување на законското опкружување, инволвирање на потребите на граѓаните во работата или планските и законски акти на институциите, компетентноста на персоналот на институциите, отвореноста, транспарентноста, отчетност, „едношалтерските решенија", молчењето на администрацијата ....) граѓаните ги среќаваат на различни начини и тешко можат да бидат излажани. Едноставно, со само една жалбена постапка против решение на една инспекциска служба, граѓанинот „тестира" еден куп инволвирани институции и институти (како што е на пример „порамнувањето", опомената пред глоба, „едукацијата"...) од предметниот инспекторат, па до Управниот суд. Исто така, голем дел од граѓаните се информираат од адвокати, книговодители, вработени во самите институции „по пријателска линија" во врска со сопствената постапка, па имаат барем делимичен увид во реалната внатрешна слика на институциите.

Од ова правило отстапуваат само институциите, кои врз база на партиски клиентелизам им ја заокружуваат целокупната постапка на клиентите, посебно во областа на земјоделските субвенции, како и некои други институции, кои со злоупотреба на процедурите и ненаплаќање на одредени услуги, пружаат некои услуги за граѓаните, како дел од партиската или предизборната кампања (има и такви случаи каде градоначалниците им асфалтираат дворови на свои гласачи или важни партиски локални личности.

<u>Ова дава **насока за варијаблите**, кои треба да бидат мерени: Квалитет на институционални услуги, потрошено време, пари и број на посетени институции за остварување на одредено право.</u>

Исто така, постојат голем број мислења на овие експерти дека институционалната партиска медиска и теренска кампања има многу поголем ефект во руралните, отколку во урбаните средини.

<u>Ова дава **насока за варијаблите**, кои треба да бидат мерени: Клиентелизам во институционалните услуги и граѓански мислења во врска со етичноста на постапувањето на институциите.</u>

Од интервјуите имаме проценка дека јавната доверба во институциите е ниска и неправилно дистрибуирана од релативна доверба (Омбудсман, Централен Регистар на РМ, Одделенија за локални даноци, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделието...) до потполно лоша (судство, антикорупциска комисија, тајни служби, одделенија за имотно правни работи на Министерство за финансии, инспекциски служби, полиција, Центри за социјална грижа...). За некои агенции граѓаните и немаат чуено и слабо работат со клиенти.

За некои институции владее скоро неутрално „традицонално мислење“, како што е тоа за армијата.

Оние институции, кои немаат работа со странки не пружаат директен фронт на контакт со граѓаните, па за нив граѓаните малку знаат и своето мислење го формираат од ретките медиски содржини.

Ова дава **насока за варијаблите**, кои треба да бидат мерени: Мора да бидат воспоставени скали на доверба, а во претходната фаза на анкетата мора да бидат дефинирани прашања за извори на информации за одредени институции.

**Појдовна состојба во „внатрешната институционална слика“**

Состојбата во институциите е генерално мошне лоша, до степен на имплозија (посебно кај неколку политички експонирани институции). Состојбата со меѓучовечките односи е лоша: Споил системот и некомпетентноста има ефектуирано со високо внатрешно незадоволство, институционална анемија, номинално, слабо и нереално институционално планирање, фингирање на годишни извештаи, нарушување на институционалното паметење, каснење на проектите и номинална имплементација, негрижа за квалитетот на сработеното и вработените велат дека само стравот, партиската припадност и високата недоверба во судството ги спречува вработените да започнат судски процеси или да превземат други мерки против раководителите, против министерствата, кои не им плаќаат за звањата (напредување во струката) за обуките на кои мораат да присуствуваат, за прекувремена работа, за трошоци за патување (посебно во МВР) и многу друго. Кратењето на дневниците за патување институциите ги има направено немобилни и скоро и да нема стручна размена во рамките на една или сродни институции.

Почитувањето на правото и законите е на екстремно ниско ниво, а во замена за тоа се користи номинализам и спин, па со тоа декларираното не одговара на вистинската ситуација и ефектите од реформите се окарактеризирани како фингирани[d].

Ваков тип мислења можат да се мерат директно, без некакви посложени индикатори.

- **Емпириски искази или консеквенца (тврдење)** е она што треба анкетно да се провери. Поинаку, со анкетата ние треба или да ги потврдиме или да ги отфрлиме или да го констатираме степенот на вистинитост на нашите тврдења.
  Ако воспоставиме систем на опсервација на довербата во институциите би имале следни резултати:
- Генерално, граѓанската доверба во институциите е најниска до сега, но постои различен степен на доверба во секоја институција – посебно
- Услугите кон граѓаните се подобрени номинално, но се влошени квалитативно

[d] пример со судството, каде вработените во судските институции состојбата ја споредија со „слепило“, гола манипулација со граѓаните само заради намалување на бројните индикатори за нерешени предмети и вештачко повишување на бројките за ефикасност и ефективност на судството, кои потенцираа и тоа дека има потполна партиска послушност на судии, висока корупција, нестручност.
Ист е случајот со здравството, каде под плаштот на реформи и грижа за пациентите се воведени нечовечки услови на штедење кон секој пациент и директно и со уцени кон специјалистите, постојан конфликт од секој вид кај сите стејкхолдери, од однос лекар – лекар, до однос пациент – лекар и етаблиран е систем на нестручност и пропагандно фингирање на постигнувањата.
Така е и во основните и средните училишта наставниците и професорите мислат дека проектот „Компјутер за секое дете“ е потполно промашен, компјутерите слабо се користат, неадекватно, тие немаат вистинска обука за едукација со помош на ИТ технологија и епилогот е дека служат исклучиво да им сметаат на децата на клупите, а попатно предизвикуваат големи проблеми и трошоци за поправки, изнудување пари од родителите на децата за направени штети...

- Проектите на владата за воведување одредени системи за подобрување на услугите кон граѓаните немаат позитивен ефект и граѓаните тоа го знаат, со резерва во руралните средини
- Владиниот клиентелизам има ефект врз јавната слика за состојбата на институциите, иако постои јасна свесност кај граѓаните дека се работи за криминал и клиентелизам, а не за услуги
- Стравот од искажување сопствено мислење на институционалните експерти и воспоставувањето системи на портпароли доведе до непостоење вистинско информирање на граѓаните за состојбите во институциите
- Партизацијата на институциите, превработеноста и некомпетентноста е силно контаминирана со ОСД стратегијата на властите, која веќе има станато јавен дискурс и тоа има високи последици врз јавниот морал и високото ниво на толерантност кон злоупотреби
- Постои високо намалување на очекувањата на граѓаните од институциите
- Постои висока институционална анемија, како и граѓанска неволност да се користат законските услуги на институциите, освен кога се работи за остварување нелегални клиентелистички права
- Постои јасен сомнеж во стручниот капаците на институциите и нивните перформанси
- Постои јасен, видлив и веќе не толку тивок јавен поглед дека институциите ги губат своите функции (се деинституционализираат) и постојат само номинално
- Состојбата со институциите се поврзува со опстанокот на државата

**Точки за проверка на исказите**

- Во урбаните средини граѓаните ќе имаат помала доверба во институциите на системот – споредено со руралните средини;
- Довербата во институциите треба да биде највисока кај пензионерите и кај јавната администрација, вработените во комунални претпријатија и вработените по партиска линија во институциите
- Довербата на граѓаните во институциите ќе биде ниска кај оние институции, кои се инструментализирани во политичката или предизборната кампања на партиите
- Секторски гледано, недовербата во институциите ќе биде највисока во судството, каде на „листата на недоверба“ највисоко место би зазел Уставниот суд, потоа Јавното обвинителство, па основните судови и сл
- Дневно – политичките настани имаат висок удел во граѓанските ставови, па последната недела пред реализирањето на теренската анкета ќе даде предомимантна слика за „листите на доверба“ на поединечните институции
- Некомпетентноста нејвисоко ќе биде нотирана во високото образование

Оваа теориска рамка ќе послужи за дефинирање на работни хипотези и/или емпириски искази, со кои други појави (веќе индицирани) заеднички варираат и како, со какви анкетни прашања точно ќе ја откриеме таквата **слика на заедничко варирање – по зададени индикатори**, а со тоа ќе утврдиме **кои се агрегатите на добиениот степен на граѓанска доверба во институциите** и во кои институции како тоа резултирало.

На крајот, добиената анкетана слика и заклучоци од таквата слика ќе ги

- ❖ **Спореди ме со емпириските искази и ќе испитаме дали се вистинити**

Ова ќе го произведе „триаголникот на несовпаѓање, што ќе биде вреден инпут во анализата на „општествените практики“, како на нив делувал ОСД синдромот, на кој се базираат добар дел од политиките на владеачката гарнитура, владината и опозициската (иако е минорна и неорганизирана) пропаганда.

**IV. Дефинирање на варијаблите на истражувањето**

- **Расчленување на варијаблите** (некои варијабли директно можат да се преведат во прашања)
  **А) Избор и дефинирање на индикатори за варијаблите** (надворешни видливи манифестации на варијаблите). Ова е „проблем на избор на индикатори“, но во секој случај, за секоја варијабла потребни се барем неколку прашања.
  Најголема важност имаат зависните варијабли. На пример, ако се сака да се испита односот на партизацијата и квалитетот на услугите на институциите, тогаш повеќе место се посветува на квалитетот на услугите.

Ставовите се посложени варијабли и треба да има прашања за сите 3 компоненти на ставовите со одредени индикатори. На пример, потребно е прашање за емотивниот однос кон проблематиката (чување на институциите како акт на патриотизам), спознаен однос (ги знае или не надлежностите на институциите) и однесување кон нив (ги користи нивните услуги, работи во институција и сл).

Потребно е да се знае дали се работи за некое објективно (објективна варијабла: законска регулираност, номинални надлежности...) или субјективно (субјективни варијабли: усвоени вредности, ставови, желби) својство

**Примери на индикатори:**

- Партизација
- Тројна поделба на власта
- Уставна позиција на институциите
- Степен на злоупотреба на институциите
- Квалитет, брзина, чинење на услугите
- Менување на закони

**V. Формулирање прашања**

Формулираното прашање претставува конечна операционализација на варијаблата. Процесот на заклучување оди по обратен редослед, односно одговорите ќе се воопштуваат и ќе се толкуваат како присуство, отсуство или степен на варијаблата.

**Стилизирање прашања**

- едноставни зборови и изрази
- конкретност
- Осигурување на потребните дефиниции
- двозначно разбирање на ист збор (на пр. Зборот „вклучен")
- Да нема две прашања во едно, односно да нема набројување
- Сугестивност на прашањето
- Да нема хипотетични прашања
- Да нема прашања со каузалност (да нема прашања за причините на некои појави)
- Да се обезбедат сите можни одговори во менито
- Да нема употреба на емоционални фрази и зборови
- Да нема прашања, кои изразуваат искуство од трети лица, кои испитаникот ги интерпретира
- Проблем на меморијата на испитниците
- Избегнување незгодни прашања
- Кај ставовите мора да се има повеќе од едно прашање
- Постигнување смисол на прашањата: Претпоставен степен на информираност на испитаникот за проблематиката[e]

**- Користење скали за проценка** за утврдување степен на согласување на испитаникот со некое тврдење. За таа намена најпрво ќе се дефинираат критериумски својства (став, односно атрибут, во однос на кој се врши проценката). Тоа можат да бидат различни варијабли, но мора да се земе дека атрибутот е линеарен и расте, или опаѓа. Техничкото обликување на скалите и правилата на примена ќе се движи во проценката на степен на точност на тврдењето и сопственото согласување со некое тврдење (мени: потполно точно, доста точно, делумно точно, воглавно неточно, воопшто неточно или пак: потполно се согласувам...) Во истражувањето ќе ги земеме само описната скала на проценка и нумеричката.

**Редослед и динамика на прашањата**

- На почеток се праша за факти и прашањата треба да бидат полесни (загревање). Да се оди од општо кон посебно.
- Општите прашања се поставуваат на крајот, а во средина специфичните

[e] Ако не се информирани, тие сепак нагаѓаат и емотивниот дел од ставовите добива на сила. За неинформираните граѓани е карактеристично дека повеќето одговараат потврдно кога не се информирани, па за тој феномен се потребни контролни прашања, после која се превзема договорена постапка (отфрлање, корекција и сл). Исто така помага за секое прашање да има графа „не знам"

- Групирање на прашања по тематика
- Хронолошко поредување на прашањата, ако има за тоа логика
- Должина на анкета и број на прашања
- Поставување ритам на испитување

### VI. Дефинирање на анкетен примерок[f]

**Најкорисен за ова теренско истражување е репрезентативниот примерок**, кој ја изразува дистрибуцијата на особености на целокупната популација во одбраниот примерок, кој ќе биде **случаен примерок**, или поинаку: Секој може да има исти шанси да биде избран за анкета[g].
За примерокот е битна апсолутната величина на примерокот во однос на популацијата и тој е верен одраз на целата популација (ако се почитува доследно методологијата). Намерно анкетата нема да го земе во обзир пристапот на **Оптимален стратификуван примерок** (се постигнува со претходна сондажа), ниту **Пропорционално стратификуваниот примерок** (го покажува односот на дистрибуцијата на специфики на целокупната популација во примерокот) заради тоа што никој во Македонија не знае што значи тоа во услови кога нема попис на населението веќе 14 години. Тој е**дноставен случаен примерок** е промилен однос на популациониот примерок (n) спрема вкупниот бројот на популацијата (N).

**Појдовни бројни вредности за одредување репрезентативност на примерокот:** Број на жители во Македонија (комплицувано е со оглед на дамнешниот попис)**, б**рој на жители во местото на испитување, со сите одредници како за националниот пресек**, е**тничкате дистрибуција на двата главни етноси, **п**олова дистрибуција и **у**рбано – рурална дистрибуција.

На анкетата и претстоеше сондажа преку намерен примерок вработени во потребните институциите на системот за одредување на почетните параметри на истражувањето

**Минимална големина на примерокот и дефинирање на статистичката грешка**

**Параметри:**

- Бројност на популација
- Претпоставен степен на доверба[h]
- Претпоставен интервал на доверба[i]
- Посакувана прецизност на мерење

**Избор на испитаници**

Преку а**лгоритам:** Секој трети или петти минувач (зависи колку е прометна улицата), кој не изгледа помлад од 18 и не премногу стар или изнемоштен.

**Избегнуваме:** службени лица, премногу забрзани, оптоварени со некој предмет, кои разговараат на мобилен телефон, просјаци, луѓе кои стопанисуваат на плоштадот или местото на движење, кога се “маалци – пред порта” кога се во поголема група…

**Анкетирањето се прекинува кога:**

- Испитаникот/испитаничката е “преактивен/на во првиот контакт”
- Нељубезен/на иако кооперативен/на
- кога премногу го одолговлечува одговорот
- кога мириса на алкохол или покажува знаци на алкохолизираност
- има знатно зацрвенети очи, раширени зеници, пребледа комплексија

❖ **Одредување на потребните технички анкетни стратегии**

Оваа анкета има потреба од прибирање на сите 3 вида информации:

---

[f] Дел од групата, кои ги репрезентира сите

[g] Законот за веројатност гарантира дека примерокот ќе биде верен на популацијата и ќе ги презентира нивните мислења. За тоа да се постигне мора да се постигне таа репрезентативност на примерокот: Пол, старост, образование, религија, рурално – урбана дистрибуција на популацијата. Теренската анкета ќе користи **„примерок на случајно движење“** (random walk sample) кој се постигнува со насоката на движење на анкетарот или испитаниците, ако анкетарот е статичен. Анкетарот користи алгоритам за избор на испитаниците во двата случаи.

[h] Прифатен ризик за грешка во студијата и обично е 5% или 1% (може да биде и 3%). **Грешката во резултатите** зависи од големината на примерокот и колку е примерокот поголем, грешката е помала. Вообичаено се греши за 3%, што значи дека: Ако ги испиравме сите граѓани на РМ, грешката ќе се наоѓа во опсегот +/-3%, од добиениот резултат на примерокот (ако имаме случаен примерок).

[i] Процент на грешки на постигнатите параметри, како што се средните вредности.

1. **Мислења** (когнитивни структури) на граѓани, кои не зависат од претходни стриктни знаења за одредена тема
2. **Ставови (**проценки**)** каде секогаш се вклучуваат емоционални аспекти, резултат се на искуства и спознанија (Когнитивни, Емоционални, Сопствено искуствени, Комбинации на претходните). Тие се релативно стабилни диспозиции, кои се оформени од различни когнитивни извори, може да бидат формирани под дејство на одбојност, искуство и сл.
3. **Знаење** (когнитивни структури и паметење) Услов во прашањата мора да биде дека знаењето на испитаниците се вреднува низ препознавање, а не присетување.
4. **Однесувања (бихејвиорални извештаи) се тврдења за однесувањето на луѓето во одредени ситуации**

- **Ex ante евалуација на каузалност:**
  **Појдовен хеуристички пристап**

1. **Константи** – појави и ставови, кои не ги менуваат своите вредности во долг временски период. Ако се и тие променети, а анкетата тоа ќе го открие, се работи за „промена на генералната свест“ на општеството за самото себе (квалитативен пад на разбирањето на слободата, демократијата, вредност на човечкиот живот и сл).
2. **Варијабли**[j] – ги менуваат своите вредности
   - Независни (причини) – не зависи од зависната
   - Зависни (последици) – Зависи од независната

**Пример:**
**Искуствен став**: Политиките на институциите раководени од владеачката партија мора да бидат морални, за партијата да остане на власт,
**Прашање**: Дали мислите дека политичките партии се кријат зад одлуките на институциите (криењето на партиите зад одлуките на институциите е неморално)?
**Варијабли**: Дали постапките на институциите се изнудени заради интересите на властите (варијаблите ја менуваат вредноста), што индицира на партизација,
**Заклучок**: Институциите немаат/имаат сила да се спротивстават на интересите на партиите. Ако ги дефинираме интересите на властите и откриеме дека институционалните постапки варираат спрема нив, имаме доказ за нивна поврзаност.

**3. Критериуми за причинско – последична врска**
А) Временски редослед (причината мора да ја има пред последицата)
Б) Корелација[k] (причината и последицата мора заеднички да варираат)
- **Позитивна корелација** (со растот на вредноста на едната в., расте вредноста на другата в.)
- **Негативна корелација** (со растот на вредноста на едната в., паѓа вредноста на другата в.)

В) Неспуриозност[l] (да не постои привидност дека две величини варираат взаемно: претпоставуваме каузалност на две величини, но не гледаме трета, која ги предизвикува и двете[m]).

## Анализа на анкетни резултати

**Квантитативна анализа,**
**Квалитативна,** преку работилница за критичка анализа на податоците
**Контекстуална експликација** на ставовите на граѓаните: Не може да не се даде пресек на скорешните, годишните и декадните настани, кои можеле да ефектуираат врз мислењето на граѓаните. Може барем да се даде пресек на промените, кои се манифестираат како ефекти на

[j] **Причинско - последичност:** Една ја предизвикува друга работа да се појави, да се случи, да биде поинтензивна, послаба... Варијацијата во една варијабла предизвикува варијација во другата.
[k] И позитивната и негативната корелација можат, но не мора да рефлектираат причинско – последична врска
[l] Мора да се знае дека некоја трета варијабла, која не сме ја забележале, не корелирала со првите две, за кои мислиме дека се во причинско – последична врска. Тогаш имаме **спуриозна корелација.**
[m] На пример: Имаме привид дека постои каузалност помеѓу наталитетот и полот на децата, или, висината на детето и способноста за читање, или на (тривијално) јадењето сладолед и силувањата. Така, спуриозната корелација А – Б не ја забележала величината „X“)

определени јавни кампањи и општествени движења, кои биле актуелни одредено време. Тоа мора да се направи барем во фазата на критичка анализа на податоците.
Во фазата на составување на прашалникот и анализата на резултатите ќе бидат произведени и толкувани **антецедни варијабли, кои** укажуваат на врските на останатите испитувани варијабли. Овие анализи даваат интересни податоци за врските на политиката и состојбата со конкретни ефекти од нивното делување (дискурзивност или пристап на „општествена практика“).